Бр./Nr. 26-451/4
Датум/Data 13-10-2025

Врз основа на член 27 став (7) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) и член 4 став 7 од Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата бр.26-57/1 од 14.01.2025 година, постапувајќи по барањето бр. 26-451/1 од 05.05.2025 година поднесено од Друштвото за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ, по претходно добиено позитивно мислење од Бирото за развој на образованието бр. 26-451/3 од 10.10.2025 година, Педагошка служба го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на работна тетратка**

1. Барањето бр. 26-451/1 од 05.05.2025 година за употреба на работна тетратка **#LaClasse A2 Cahier d'activités** по наставниот предмет Француски јазик за I-ва година гимназиско образование, од авторот **Claire Sanchez** на издавачот **CLE INTERNATIONAL**, поднесено преку законскиот застапник Друштвото за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ, Скопје **СЕ УВАЖУВА.**
2. **Се ОДОБРУВА** за употреба на работна тетратка **#LaClasse A2 Cahier d'activités** по наставниот предмет Француски јазик за I-ва година гимназиско образование, од авторот **Claire Sanchez** на издавачот **CLE INTERNATIONAL**.
3. Ова Решение е со важност од учебната 2026/27 година, до донесување на нова наставна програма за соодветниот наставен предмет.
4. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Решение, кое станува извршно со неговата конечност.
5. **СТРОГО СЕ ЗАБРАНУВА** директно продавање или посредување при продажба и дистрибуција на горенаведената работна тетратка преку службите на училиштето, наставниците или друг вработен кадар во рамките на училиштата.

**Образложение**

Педагошката служба има примено барање со бр. 26-451/1 од 05.05.2025 година од страна на Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје, за одобрување за употреба на работна тетратка со наслов **#LaClasse A2 Cahier d'activités** по наставниот предмет Француски јазик за I-ва година гимназиско образование, од авторот **Claire Sanchez**. Постапувајќи по наведеното барање, Педагошка служба достави допис со бр. 26-451/2 од 16.09.2025 година до Биро за развој на образованието, за добивање на стручно мислење за исполнетост на Критериумите за вреднување на работната тетратка како и усогласеноста на работната тетратка со наставната програма.

Бирото за развој на образованието до Педагошката служба достави позитивно стручно мислење бр. 09-1205/2 од 09.10.2025 година, заверен во МОН под бр. 26-451/3 од 10.10.2025 година во кое е констатирано дека работната тетратка **#LaClasse A2 Cahier d'activités** по наставниот предмет Француски јазик за I-ва година гимназиско образование, од авторот **Claire Sanchez ги исполнува** Критериумите за вреднување на работната тетратка и се предлага за одобрување.

Согласно со член 4 став 8 од Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата, решението за употребување на работна тетратка е со важност до донесување на нова наставна програма за соодветниот наставен предмет. Согласно со членот 5 од истиот Правилник, во рамки на училиштето е строго забрането директно продавање или посредување при продажба и дистрибуција на работни тетратки преку службите на училиштето, наставниците или друг вработен кадар.

Врз основа на погоре наведеното Стручно мислење, како и одредбите од Законот за учебници во основно и средно образование и Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата, Педагошка служба одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против оваа Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

**Директор на Педагошка служба,**
**м-р Роберт Аџипетров**

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања